# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3841.**

Врз основа на член 187 став (3) од Законот за енергетика(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 13 октомври 2021 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА МЕРКИТЕ ЗА ПОДДРШКА НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/19), во членот 3 став (2) во точката 3) по зборовите: „(електрични генератори или фотонапонски панели),“ се додаваат зборовите: „инвертери (за фотонапонски панели),“.

Точката 5) се менува и гласи:

„ „инсталирана моќност на електроцентрала“ е збир на номиналната активна моќност на сите електрични генераторски единици инсталирани во електроцентралата или збир од номиналната активна моќност на сите инвертери инсталирани во фотонапонската електроцентрала и“.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-10659/1
13 октомври 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**3842.**

Врз основа на член 86-а став (6) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.220/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 13 октомври 2021 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА МЕРКИТЕ И ПРОЦЕДУРИТЕ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ ВО ЦИВИЛНОТО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Член 1

Во Уредбата за мерките и процедурите за олеснување во цивилното воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/11, 36/13, 26/16 и 37/18), Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на оваа уредба.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 мај 2022 година.

Бр. 40-9756/1
13 октомври 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.